НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

**за заедниците**

III ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ТРИГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

## I. ВОВЕД

**Назив на наставниот предмет:** Македонски јазик и македонска литература за заедниците

**Вид на средно образование:** стручно

**Година на изучување на наставниот предмет:** трета година

**Број на часови на наставниот предмет**

- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: 72 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ (од I до III година)

Ученикот/ ученичката:
-да ги проширува и продлабочува знаењата за македонскиот литературен јазик како основно средство за комуникација;
-да се оспособува за самостојно усно и писмено изразување, за сфаќање, доживување и толкување на литературните и на другите текстови;
-да ги развива и да ги поттикнува индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературниот текст;

- да ја развива и да ја зацврстува свеста за значењето на македонскиот литературен јазик како најкарактеристичен белег на националниот идентитет и припадност на македонската јазична заедница;
- да развива и да стекнува способности и вештини во комуникацијата, во правец на меѓусебно почитување и разбирање на луѓето и народите и нивните литературни, културни и научни придобивки и вредности;
- да се здобие со трајни и функционални знаења;
- да се оспособи за реализирање на предвидените цели на наставата во предвидената наставна година како и конкретните цели;
- да ја развива свеста за значењето на македонскиот литературен јазик како карактеристичен јазичен белег и припадност на македонската јазична заедница;
- да развива и да усвојува способности и вештини во комуникацијата, во правец на меѓусебното почитување и разбирање на луѓето и народите како и нивните литературни, културни и научни придобивки и вредности.

## III. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да ги објаснува процесите во развојот на македонскиот јазик и кодификацијата;
- да ги толкува општите поими за сложената реченица;
- да ги применува карактеристиките на независносложените реченици;
- да дава примери за карактеристиките на зависносложените реченици;
- да ја дефинира синтаксата како дел од граматиката;
- да ја дефинира реценицата од аспект на синтаксичка единица;
- да го објаснува есејот како форма за изразување;
- да ги објаснува битните елементи на масовните медиуми;
- да ја објаснува функцијата на рекламата;
- да усвојува знаења од теоријата и од историјата на литературата (термини, поими, факти, теории);

- да усвојува методолошки и вредносни знаења (интерпретативно-аналитички);
- да ги применува стекнатите знаења врз различни литературни жанрови;
- да се оспособи за самостојно и творечко комуницирање со литературните дела од македонската и од светската литература;
- да умее своите јазично-литературни и општокомуникациски знаења и способности да ги користи за доживување, разбирање, толкување и критички однос кон медиумите (театарот, филмот, печатените и електронските медиуми);
- да ги развива своите емоционални и интелектуални способности и умеења;
- да одбира податоци за примена и за презентација.

## IV. Конкретни цели

| Програмско подрачје: ЈАЗИК (30 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да анализира јазични особености на текстови од македонски јазик од овој период;<br><br>- да ја објасни важноста и значењето на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик;<br><br>- да ја дефинира улогата на Блаже Конески и на другите македонски лингвисти од тој период во кодификацијата на македонскиот литературен јазик.<br><br>**Синтакса (18 часа)**<br><br>-Да ја дефинира синтаксата како дел од граматиката што ги проучува способностите на зборовите да се поврзуваат меѓу себе; | **Историја на македонскиот јазик (3 часа)**<br><br>Кодификација на македонскиот литературен јазик<br><br>Улогата на Блаже Конески во кодификацијата на македонскиот стандарден (литературен) јазик<br><br>Синтаксата како дел од граматиката<br><br>Сложена реченица | Нормиран јазик<br><br>Сложена реченица | Запознавање со факсимили<br>Примери за кодифициран јазик |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги дефинира условите за создавање сложена реченица;<br><br>- да ја објаснува улогата на сврзниците во рамките на сложената реченица;<br><br>-да ги утврди разликите меѓу независносложените и зависносложените реченици;<br><br>-да ги препознава сврзниците во наведените зависносложени реченици и со разликите што ги внесуваат тие во рамките на определен тип зависносложена реченица;<br><br>-да ги утврди сврзниците како неопходни членови на зависните дел-реченици;<br><br>-да ги знае разликите меѓу наведените типови зависносложени реченици;<br><br>- да го знае начинот на предавањето на туѓите или свои зборови во други околности; | Сврзнички и бессврзнички сложени реченици<br><br>Независно-сложени реченици<br>Зависно-сложени реченици (прилошко-определбени)<br><br>Временски, причински, условни, последични, целни, допусни, начински<br><br>Директен и индиректен говор | Дел-реченица<br><br>Составни<br>Спротивни<br>Разделни<br>Исклучни<br>Заклучни<br><br>Временски<br>Причински<br>Последични<br>Целни<br>Условни<br>Допусни<br>Начински<br>Односни<br>Исказни<br><br>Директен говор<br>Индиректен говор | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја утврди улогата на атрибутот во реченицата;<br><br>- да ја знае важноста на апозицијата во реченицата. | Атрибут<br><br>Апозиција | Атрибут<br><br>Апозиција | |
| -Да ја знае суштината, струкурата и функцијата на есејот;<br>-да умее да ги вербализира во есеистичка форма сопствените мисли и ставови, истражувања и коментари;<br>-да креира есеи на зададена тема; | **Практично-професионална комуникација (9 часа)**<br><br>Креативно пишување<br><br>Есеј | Креативно пишување<br><br>Есеј<br><br>Композиција<br>Структура<br>Аргументи<br>Факти | |
| -да ги воочи битните елементи на весникот и на другите масовни медиуми, во функција на информирањето, самообразованието и забавата;<br>-да ги изразува своите критички ставови за медиумот како за неговите формални, така и за | Масовни медиуми<br><br>Весник<br><br>Телевизија | Медиум<br>Весник<br>Радио<br>ТВ<br>Фејсбук | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| неговите содржински елементи;<br>-да ја согледува потребата за правилна употреба на јазикот во весникот и списанието како масовни медиуми;<br>-да ја знае нивната важност во рамките на масовната и професионалната комуникација;<br>-да ги дефинира битните комуникациски обележја на радиото и ТВ како масовни медиуми;<br>-да дава критика, да размислува за нив како медиуми и за определени емисии, посебно од стручен и професионален аспект;<br>- да ја детектира потребата за правилна употреба на јазикот. | Радио | Реклама<br>Рекламирање | |

| **Програмско подрачје: ЛИТЕРАТУРА (27 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да ги толкува белезите на македонската литература по Втората светска војна;<br>- да ги репродуцира основните книжевно-историски податоци за македонската литература (периодизација, класификација на жанровите, автори, дела); | **Македонската литература по Втората светска војна (8 часа)**<br>Појава, одлики, претставници (преглед) | | Електронска презентација за македонската литература по Втората светска војна.<br>Разговор за појавата, одликите и претставниците. |
| - да набројува основни био-библиографски податоци за Стале Попов;<br>- да илустрира ликови од „Крпен живот”<br>- да го анализира романот „Крпен живот“ со препознавање на релациите со фолклорот и со историјата. | Стале Попов „Крпен живот” | Битов роман, реалистички роман, раскажувач, фабула-сиже | Дијалошки метод за био-библиографските податоци за С. Попов и впечатоци од прочитаното дело.<br>Текстовен метод-читање на одбрани |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | фрагменти од делото преку кои се откриваат битовите елементи во романот. Дискусија за стереотипите и предрасудите кон новото и различното во минатото и денес. |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| - да ги толкува белезите на современата македонска литература;<br>- да ги репродуцира условите за појава на модернистичките и постмодернистичките текови во македонската литература;<br>- да ги коментира одликите на современата македонска литература (споредбено модерната и постмодерната); | **Современата македонска литература: модерна и постмодерна (19 часа)**<br><br>Појава, одлики, претставници | Модернизам, постмодернизам, антитрадиционализам, иновација, мешање на жанрови | Текстовен метод- читање на текст со табеларен приказ на хронологијата на современата македонска литература, со систематизација на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да набројува основни био-библиографски податоци за Петре М. Андреевски;<br>- да го анализира романот „Пиреј" со препознавање на раскажувачките постапки и врските со историјата;<br>- да илустрира ликови од романот „Пиреј"; | Петре М. Андреевски- „Пиреј" | Уснопоетички историски роман, рамковна приказна, врамена приказна, фабула-сиже | модернистичките и постмодернистичките одлики.<br><br>Интерпретативно читање на фрагменти од романот со фокус врз модернистичките постапки. Дискусија на тема: женската и машката перспектива на личната и колективната историја. |
| - да набројува основни био-библиографски податоци за Блаже Конески;<br>- да толкува лирски белези во поезијата на Блаже Конески;<br>- да ги интерпретира доминантните одлики во лириката на Б. Конески;<br>- да применува теоретски знаења од литературата (стилски фигури, лирска поезија);<br>- да ја препознава врската на уметничката поезија со фолклорната традиција; | Блаже Конески: „Везилка", „Тешкото", „Ангелот на Света Софија" | Интимна лирика, Книжевна традиција | Електронска презентација за био-библиографските податоци за Блаже Конески.<br>Интерпретативно читање на песните, откривање на лирските елементи.<br>Дискусија за мотивиката на песните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги интерпретира доминантните одлики во лириката на А. Шопов;<br>- да применува теоретски знаења од литературата (стилски фигури, лирска поезија); | Ацо Шопов: „Тишина“, „Очи“, „Раѓање на зборот“, „Трета молитва на моето тело“ | Три фази во македонската поезија, интимна лирика, лирски субјект | Дискусија за минатото на македонскиот народ.<br><br>Интерпретативно читање на лирски текстови. |
| - да набројува основни био-библиографски податоци за Коле Чашуле;<br>- да ја интерпретира драмата низ призма на конвенциите на драмскиот род и на релациите со историјата;<br>- да го коментира значењето на Чашуле во историјата на македонската драма; | Коле Чашуле: „Црнила” | Драма со теза, драма со идеја | Интерпретативно читање на фрагменти од драмата со фокус врз елементите на драмската структура.<br>Дијалошки метод за анализа на ликовите како носители на идеите во драмата.<br>Дискусија за чинот на предавството во минатото и денес. |
| - да набројува основни био-библиографски податоци за Венко Андоновски;<br>- да ја интерпретира драмата „Кандид во земјата на чудата” низ призма на конвенциите на драмскиот род и на релациите со историјата. | Венко Андоновски: „Кандид во земјата на чудата” | Постмодернистичка драма | Интерпретативно читање на фрагменти од драмата со фокус врз |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | постмодернистичките постапки во драмската структура. |

**Лектира (6 часа)**
1. Современа македонска поезија (избор)
2. Драги Михајловски- „Скок со стап" (избор)

## V. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Целите на предметот македонски јазик и македонска литература ќе бидат успешно остварени доколку во целост се исполнат сите конкретни цели кои се систематизирани по подрачја и теми.

За реализација на програмските содржини ќе се применува традиционална и современа наставна технологија, како единство на интеракција меѓу наставникот, ученикот и наставната содржина, формите, методите и средствата, за да се постигнат целите на предметот.

Покрај основните традиционални методи, ќе се применуваат и методите на активно учење преку кои ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.

По дадените информации за определена содржина, наставникот со примена на современи наставни техники, од учениците ќе бара истите да ги толкува со примена на формите на усно и писмено изразување и притоа ќе реконструираат, истражуваат, анализираат, синтетизираат и практично ќе ги применуваат здобиените знаења. Прашањата кои ги поставува наставникот треба да бидат насочени и во функција на поттикнување на различни видови мислења и ставови со различна сложеност. Во добиените одговори од ученикот, наставникот нема да бара само препознавање и репродукција на меморираното, туку

ќе бара искажување најразлични судови, мислења и откривање на заемните врски меѓу идеите, фактите и нивните вредности. Активностите и улогата на ученикот и на наставникот меѓусебно се кординираат во текот на процесот на учењето.

Покрај основните традиционални методи ќе се применуваат и методите за активно учење преку кои ќе се развива и усовршува читањето и пишувањето и критичкото размислување со што ќе се развива свеста и желбата за континуирано учење.

## VI. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Согласно Блумовата таксономија воспоставени се стандарди за оценување според кои се распоредени програмските подрачја и содржините. Во трета година учениците во програмското подрачје јазик ги усвојуваат и обработуваат содржините: Историја на македонскиот јазик; Морфологија; Синтакса; Професионална комуникација, според кои учениците по нивоа треба да ги исполнат стандардите за помнење, разбирање, применување и вреднување.

| Наставно подрачје | Ниво на постигање | Стандард |
|---|---|---|
| **Јазик**<br><br>**Историја на македонскиот јазик**<br><br>**Морфологија**<br><br>**Синтакса**<br><br>**Практично-професионална комуникација** | Помнење | Ученикот/ ученичката:<br>- ги објаснува процесите во развојот на македонскиот јазик и кодификацијата;<br>- ја дефинира синтаксата како дел од граматиката;<br>- ја дефинира поделбата на сложената реченица;<br>- ја дефинира реченицата од аспект на синтаксичка единица;<br>- ги препознава независно-сложените реченици во текст;<br>- ги препознава зависно-сложените реченици во текст;<br>- го објаснува есејот како форма за изразување;<br>-ги објаснува битните елементи на масовните медиуми;<br>-ја објаснува функцијата на рекламата. |
| | Разбирање | - Ги наведува дејствијата со кои е извршена кодофикацијата на македонскиот јазик;<br>- ги подвлекува сложените глаголски форми;<br>- ги препознава формите на минатите времиња;<br>- ги разликува сложените реченици (независни и зависни);<br>- ги класифицира видовите на сложени реченици според нивното дејство и сврзниците што ги употребуваат. |
| | Применување | - Ги применува глаголските форми со има и сум;<br>- ги применува формите на минатите времиња;<br>- ги користи формите на заповеден начин;<br>- ги применува сложените реченици;<br>- пишува есеј. |
| | Анализа, Синтеза, Вреднување | - Ги поврзува настаните кои се однесуваат на кодификацијата на македонскиот јазик;<br>- ги изнаоѓа формите на заповедниот начин во реченицата;<br>- ги открива глаголските конструкции со сум и има;<br>- ги изнаоѓа разликите и особеностите во употреба та на видовите сложени реченици. |

Во трета година во програмското подрачје Литература учениците ги  усвојуваат и обработуваат содржините Македонската литература по Втората светска војна, Современата македонска литература-модерна, постмодерна, според кои учениците по нивоа треба да ги исполнат стандардите за помнење, разбирање, применување и вреднување.

| **Наставно подрачје** | **Ниво на постигање** | **Стандард** |
|---|---|---|
| **Литература**<br><br>**Македонската литература по Втората светска војна**<br><br>**Современа македонска литература** | Помнење | - Ги препознава политичките и културните услови во Македонија по Втората светска војна;<br>-ги препознава одликите на литературните родови и видови и нивната застапеност во македонската литература;<br>-ја наведува улогата на Стале Попов во македонската литература;<br>-ја наведува улогата на Б. Конески и А. Шопов во македонската поезија;<br>-ја наведува улогата на К. Чашуле и В. Андоновски во историјата на македонската драма. |
| | Разбирање | - Толкува специфики на македонската литература по Втората светска војна;<br>-поврзува карактеристики на творештвото на претставници на современата македонската литература;<br>- го согледува битовото во творештвото на Стале Попов;<br>- ги разбира одликите на поезијата на Б.Конески и А.Шопов. |
| | Применување | - Презентира одлики на лирски,  епски (романескни) и драмски  дела. |
| | Анализа, Синтеза, Вреднување | - Анализира дела од С. Попов, К.ЧАшуле, П.М.Андреевски, В.Андоновски;<br>- Вреднува дела од различни автори според естестски белези;<br>- разграничува структурни делови во дадено книжевно дело. |

## I. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик и литература оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови, и слично.

Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.

Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.

Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината

Оценувањето треба да биде во функција на успешно продолжување на образованието во 4 степен.

За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.

За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.

Ученикот се оценува со бројчана оценка.

## II. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата се организира во училница или во кабинет, а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализација (институции на култура, научни институции, природен амбиент и др.).

## III. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Студиски групи на Филолошкиот, односно Филозофскиот факултет:

-Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јази како втор главен предмет

-Македонски јазик и книжевност-наставна насока

-Општа и компаративна книжевност- наставна насока

## IV. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: *1.09.2013 година*

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по предметот македонски јазик и македонска литература за учениците од другите заедници за III година на средното стручно образование со тригодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

МИНИСТЕР,

___________________________

Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр.02-640/1 од 22.04.2013 год., координатор Мито Стефановски
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-5494/1 од 01.10.2013 година
Скопје